**Подземни контејнери**

Врз основа на развојните проекти и воведување на нови технологии за управување со отпад, ЈП Комунална хигиена во соработка со Градот Скопје и Општините Центар и Чаир од месец Јуни 2013 година отпочна со собирање на комунален и селектиран отпад од 50 (педесет) подземни контејнери со зафатнина од 3.000 литри од кои 31 контејнер за комунален отпад и 19 контејнери за селектиран отпад (ПЕТ амбалажа).

На подрачјето на Општина Центар на 17 микролокации поставени се 46 подземни контејнери со зафатнина од 3.000 литри од кои 29 контејнери за комунален отпад и 17 контејнери за селектиран отпад (ПЕТ амбалажа).

На подрачјето на Општина Чаир на 2 (две) микролокации поставени се 4 подземни контејнери со зафатнина од 3.000 литри од кои 2 (два) за комунален отпад и 2 (два) за селектиран отпад (ПЕТ амбалажа).

ЈП Комунална хигиена во соработка со Градот Скопје и Општините во Градот и во текот на 2014 година ќе продолжи со овој Проект.

ЈП Комунална хигиена за собирање и транспортирање на комунален и селектиран отпад од подземните контејнери го има обезбедено потребниот број на специјални комунални возила.

Динамиката на собирање на комуналниот отпад од подземните контејнери изнесува 6 (шест) пати неделно.

Динамиката на собирање на селектираниот отпад изнесува еднаш неделно.

**Преглед**
**На поставени подземни контејнери со микролокации**

| Ред. број | Име на улица | Микролокација | Број на контејнери | Комунален отпад | Динамика | ПЕТ амбалажа | Динамика | Општина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бул.Кочо Рацин | Спроти Југодрво | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 2 | Бул.Кочо Рацин | Спроти Црвен крст | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 3 | Бул.Кочо Рацин | Зелено пазарче | 2 | 1 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 4 | Бул.11 Октомври | Кај Градска болница | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 5 | Ул.Максим Горки | До Швајцарска амбасада | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 6 | Бул.М.Х.Јасмин | Спроти ТЦ Рамстор | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 7 | Бул.М.Х.Јасмин | Паркинг Трготекстил | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 8 | Бул.М.Х.Јасмин | Позади Макпетрол | 2 | 1 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 9 | Ул.Радњанска | Позади технички факултет | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 10 | Ул.Раде Кончар | Кај ресторан Скопски мерак | 2 | 2 | 6 пати | 0 | - | Центар |
| 11 | Ул.Д.Чуповски | Позади Просветно дело | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 12 | Ул.Мирче Ацев | ОУ 11 Октомври | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 13 | Ул.Рузвелтова | До кула бр.72 | 2 | 1 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 14 | Бул.ВМРО | Кај Агромеханика | 3 | 2 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 15 | ул.Васил Главинов | Позади Дом на градежници | 2 | 1 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 16 | Ул.Лермонтова | До Аеро клуб | 2 | 1 | 6 пати | 1 | 1 пат | Центар |
| 17 | Ул.Ленинова | Спроти Електро дистрибуција | 4 | 2 | 6 пати | 2 | 1 пат | Центар |
| 18 | Ул.Џон Кенеди | ТЦ Веро Чаир | 2 | 1 | 6 пати | 1 | 1 пат | Чаир |
| 19 | Ул.Лазо Трповски | Спроти ТЦ Принц | 2 | 1 | 6 пати | 1 | 1 пат | Чаир |
| | | **Вкупно :** | **50** | **31** | | **19** | | |